ЗАПИСНИК
од CLXVII -та седница на Управниот одбор на
Фондот за здравствено осигурување на Македонија,
одржана на 23 декември 2014 година со почеток во 12.00 часот во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија

Присутни членови на Управниот одбор:

- *Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - претседател;*
- *Ангел Митевски, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија – член;*
- *Проф. Д-р Елизабета Србиновска Костовска, претставник на Стопанската комора на Македонија – член;*
- *Прим. М-р Д-р Илија Глигоров, претставник на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија – член;*
- *Д-р Јосиф Трајковски, претставник на Стоматолошката комора на Македонија – член.*

Отсутни членови на Управниот одбор:

- *Проф. Д-р Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член.*

Присутни од ФЗОМ:

- *Џемали Мехази, директор на ФЗОМ;*
- *М-р Маја Парнарџиева - Змејкова, директор на ФЗОМ;*
- *Христо Трповски, раководител на одделението за регрес и судски постапки, во својство на записничар.*

Седницата ја водеше претседателката на Управниот одбор Елена Трпковска. На почетокот утврди дека на седницата се присутни шест членови на Управниот одбор, со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување. Потоа го прочита претходно доставениот

П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. *Разгледување на можни сценарија за распредување на буџетот на Фондот во 2015 година*

Предлогот беше едногласно прифатен од Управниот одбор по што за работата на CLXVII -та седница се усвои следниот

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. *Разгледување на можни сценарија за распредување на буџетот на Фондот во 2015 година*

Потоа се пристапи кон разгледување на единствената точка на дневниот ред.

ТОЧКА 1 - *Разгледување на можни сценарија за распредување на буџетот на Фондот во 2015 година*

Управниот одбор го разгледа материјалот подготвен од стручната служба на Фондот во кој се разработени неколку сценарија за распределба на буџетот во 2015 година. Секое од нив претставува одговор на можниот развој на состојбата со нереализираните налози од трезорската сметка до крајот на годината.

Директорката Парнарџиева - Змејкова ги презентира состојбите со нереализираните налози и сценаријата за постапување во согласност со нив. Потоа се разви дискусија во која учествуваа сите членови на Управниот одбор истовремено поставувајќи прашања за одделни аспекти на материјалот и излагањето. Одговори и дополнителни појаснуваа дадоа директорите на Фондот.

По разгледувањето на можните сценарија, имајќи ја во вид потребата до крајот на годината да биде направена распределба и утврдени надоместоците на здравствените установи, Управниот одбор побара стручната служба на Фондот врз основа на движењето на состојбите во следните денови да подготви најсоодветна распределба на средствата на буџетот на Фондот во 2015 година.

Потоа, бидејќи дневниот ред не содржеше други точки, Управниот одбор во 13.00 часот заврши со работата на CLXVII -та седница.

Записничар,	***Управен одбор***
Христо Трповски	***Претседател,***
	Ангел Митевски